Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јули 2021 година

Скопје, јули 2021 година

# З А П И С Н И К
# од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јули 2021 година

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа, Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов:

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од 82-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јуни 2021 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  - Агенда Европа дома

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

  - Информација за потребата на формирање работна група за изработка на урбанистички план на крајбрежјето на Охридското Езеро

1. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2021 година

2. Информација за формирање на Национално советодавно тело за младински политики, со Предлог-одлука

3. Информација за реализација на проектот - Доизградба на помошно фудбалско игралиште во Зајас, Општина Кичево

4. Информација за реализација на проектот - Реконструкција на повеќенаменски терен во Тетово

5. Барање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија)

6. Информација во врска со Решението за утврдување на правото за остварување на плата по престанувањето на функцијата бр.14-559/7 од 30 март 2021 година

7. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 10 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог - одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност

8. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Национална установа „Уметничка галерија-Тетово“ Тетово

9. Информација за донесување на Одлука за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија, со недвижни ствари во сопственост на Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

10. Информација за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежба „Северна Македонија 2021“, за период од 20 декември 2020 година до 20 април 2021 година

11. Информација за тужбата поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги Пуцко петрол увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница од Пласница против Република Северна Македонија и Општина Карпош (М бр.87/20)

12. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-134/1 Државно правобранителство Прилеп)

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-141/1 Државно правобранителство Прилеп)

14. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2020 година, со Извештај од Независниот ревизор и со дополнување и предлог - одлуки

15. Ценовник за изменување и дополнување на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, со дополнување и Предлог-одлука

16. Финансиски извештај за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, Финансиски извештај за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, со Извештај на независен ревизор за финансиското работење во 2020

година, Годишна сметка за 2020 година и Годишен извештај за работењето за 2020 година на Јавното претпријатие Колекторски систем- Скопје, со Предлог-одлуки и со дополнување

17. Извештај за финансиското работење за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

18. Годишен финансиски извештај, со Завршна сметка, Ревизорски извештај и Годишен извештај за работа за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог-одлуки и со дополнување

19. Предлог-одлука за изменување на Статутот на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија", во државна сопственост Скопје

20. Предлог-уредба за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи, овластен лекар-поединец, лекар специјалист по општа медицина или лекар специјалист по медицина на трудот, за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството

21. Информација за напредокот во спроведување на проектот - Регионален портал на деловни регистри на Југоисточна Европа – Бифидекс

22. Предлог на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од COVID 19 врз производството и откуп на тутун, по скратена постапка

23. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија, угостителство и услуги Култа Плавуш ДООЕЛ Валандово, со Предлог-одлука

24. Информација во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2020 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле" – Охрид, ја усвои Информацијата и ја одобри анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2020 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле" – Охрид

25. Информација во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2021 година

26. Информација во врска со барањето на концесионерот Дис енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Мала Река со реф.бр. 361, МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364 и МХЕЦ Радовишка со реф.бр. 305

27. Информација во врска со Барањето на концесионерот Глобал енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф.бр. 7, со Анекс на договор

28. Информација во врска со формирање на работна група за разгледување на можноста за проширување на опфатот на ранливите потрошувачи на енергија во Програмата за заштита на ранливите потрошувачи на енергија

29. Информација за формирање на Комисијата за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – керамичка глина на локалитетот „Бодевица“, Кучов Рид, Општина Пехчево, со Предлог-решение

30. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – метални минерални суровини на локалитетот „Пекљани“ Општина Виница, со Предлог-одлука

31. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Голем Врв“, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлуки

32. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Градиште“, Општина Штип, со предлог-одлуки

33. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце, со предлог-одлуки

34. Информација за формирање на комисии за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Какуцин“ с.Петршино, Општина Пробиштип, „Орниче“, Општина Долнени и „Орниче 2“, Општина Долнени, со предлог-одлуки

35. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, Општина Градско, со Предлог-одлука

36. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „Кадиица“ Општина Ресен, со Предлог-одлука

37. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – антимон на локалитетот „Лојане“, Општина Липково

38. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – металични минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип, на Друштвото за трговија и услуги Вардар рисорсес интернешанал ДООЕЛ Скопје

39. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво, производство, услуги и трговија, Изградба комерц експорт - импорт Скопје на локалитетот „с.Идризово - 1“, Општина Гази Баба

40. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје

41. Информација за германското претседавање со Берлинскиот процес 2021 со платформа за настап на македонските делегации на Самитот на 5 јули 2021 година и поврзаните министерски состаноци и настани од Берлинскиот процес

42. Информација за плановите за упатување на штабен персонал од Армијата на Република Северна Македонија во НАТО структурата на сили

43. Информација за одржувањето на втората сервисна магистрала од Платформата за интероперабилност

44. Информација за усвојување на правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства како и користење на постоечка, со Предлог-препораки

45. Информација во врска со барање за дигитализација на услугите доставено од Институт за добро управување и евроатлантски перспективи

46. Иницијатива поднесена од Димитар Филиповски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.73/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 10 и 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2013)

47. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.69/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „или наплата за противвредноста на одземените предмети" од член 40 став 4 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19)

48. Иницијатива од адвокат Ивана Талевска - Трендафилова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.48/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 379 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13)

49. Иницијатива поднесена од Солунка Александрова - Лука и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.70/2021 за оценување на уставноста на член 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија" бр.63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014, 15/2015, 153/2015, 27/2016 и 83/2018)

50. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52539 за КО Визбегово на КП бр.450, викано место/улица Коњски Дол

51. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.29317 за КО Синѓелиќ 2 на КП бр.114/1, викано место/улица Синѓелиќ

52. Понуда од нотар Зафир Хаџи Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1445 за КО Јурумлери на КП бр. 248 за викано место/улица Село

53. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 195489, за КО Драчево 2, на КП бр. 244, Викано место/улица Бабајлија

54. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со имотни листови бр.5302 и 1483 за КО Ресен на КП бр. 4232 за викано место/улица М.Трповски

55. Понуда од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.401 за КО Ајватовци на КП бр. 735 за викано место/улица Раскрсница

56. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1547 за КО Маџари на КП бр.164/2 за викано место/улица Антон Попов

57. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1470, за КО Чаир, на КП бр. 373, викано место/улица А.Турунџев

58. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3354 за КО Ѓорче Петров 3 Дексион на КП бр.5237 место/улица Црногорска

59. Понуда од нотар Вера Станоевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 9641 за КО Гази Баба, на КП бр. 836, Имотен лист бр. 9640 за КО Гази Баба на КП бр. 837 и Имотен лист бр. 44997 за КО Гази Баба, на КП бр. 838

60. Кадровски прашања

61. Прашања и предлози

62. Информација за подготвениот Извештај за спроведување на Планот за Гаранција за млади 2020-2022 со дополнување

63. Информација за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637)

64. Информација за реализација на Планот за конверзија на несуштинскиот имот на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија

65. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2020 година

66. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2020 година

67. Извештај за реализација на Буџетските средства за 2020 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен

интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2020–2022 година

68. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ Битола, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година

69. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, за периодот јануари - март 2021 година

70. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, за период од 1 јануари 2021 до 31 март 2021 година

71. Годишен извештај за работата на внатрешната ревизија на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за 2020 година

72. Информација во врска со напредокот на имплементација на Националниот план за намалување на емисиите од големите согорувачки инсталации во Република Северна Македонија

73. Извештај за работата на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2020 година, со дополнување

74. Годишен извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година

75. Информација за потреба од ангажирање на волонтери заради стекнување на вештини за оспособување за работа

76. Информација со барање за преземање мерки во врска со заштитениот предел „Осоговски Планини“

77. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп

78. Предлог на закон за лековите (*)

79. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на лиценцирани туристички водичи, со Предлог-одлука

80. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга

81. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола

82. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип

83. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид

84. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица

85. Предлог-одлука за доделување на средствата на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар

86. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ - Скопје

87. Информација за спроведен јавен повик за финансиска поддршка на компании – оператори од индустријата за организација на настани, агенции кои организираат настани, и други, со Предлог-одлука

88. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на регистрирани фотографски студија и фитнес центри, со Предлог-одлука

89. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола

90. Информација за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Росоман, со Предог – одлука

91. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес

92. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово

93. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на регистрирани игротеки и приватни детски одморалишта, со Предлог-одлука

94. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“ Кратово

95. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, по скратена постапка

96. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје

97. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје

98. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој

99. Информација за проблемите со водоснабдувањето на населените места приклучени кон кракот кон РЕК Осломеј

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 82-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јуни 2021 година.

*

*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

  **- Агенда Европа дома**

Владата ја разгледа Агендата Европа дома и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да достави информации за реализацијата на мерката Изработка на функционални анализи за 27 основни судови до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 13 јули 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за правда да достави информации за реализацијата на мерката Подготовка на проценка на постојниот АКМИС систем со препораки за негова надградба или воведување на нов систем за управување со движење на предмети до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 13 јули 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за правда во соработка со Јавното обвинителство да достави информации за реализацијата на мерката подготовка на анализа на предмети од ризик на застарување во врска со предметите на поранешното Специјално јавно обвинителство до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 23 август 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за економија да ги достави во владина постапка измените на Законот за претпријатија, најдоцна до 20 август 2021 година, откако претходно ќе се објави на ЕНЕР.

5. Се задолжува Министерството за економија да ги достави во владина постапка измените на Законот за јавни установи, најдоцна до 20 август 2021 година, откако претходно ќе се објави на ЕНЕР.

6. Се задолжува Министерството за финансии да ги достави во владина постапка измените на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, најдоцна до 26 јули 2021 година.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го донесе Решението за привремена заштита на Студенчишко блато, најдоцна до 26 јули 2021 година.

8. Се задолжува Министерството за правда да ги достави во владина постапка измените на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, најдоцна до 26 јули 2021 година.

9. Се задолжува Министерството за правда да ги достави во владина постапка измените на Кривичниот законик во владина постапка, најдоцна до 26 јули 2021 година.

10. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја достави во владина постапка новата Резолуција за миграциона политика 2021-2026, најдоцна до септември 2021 година.

11. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да достави информација за реализација на мерката Целосна распределба на вработените по К-5 Програмата до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 13 јули 2021 година.

12. Се задолжува Министерството за економија да го достави во владина постапка Законот за јавно-приватно партнерство, најдоцна до 20 август 2021 година, откако претходно ќе се објави на ЕНЕР.

13. Се задолжува Министерство за економија да достави информации за статусот на подготовка на Законот за биогорива до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 13 јули 2021 година.

14. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави информации за статусот на подготовка на законите од областа на железниците усогласени со четвртиот пакет на законодавството на Европската Унија до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 13 јули 2021 година.

15. Се задолжува Министерството економија да го достави во владина постапка Националниот план за клима и енергија, најдоцна до 20 август 2021 година, откако претходно ќе се објави на ЕНЕР.

- **Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион**

  - Информација за потребата на формирање работна група за изработка на урбанистички план на крајбрежјето на Охридското Езеро

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на формирање работна група за изработка на урбанистички план на крајбрежјето на Охридското Езеро, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена да формира работна група за изработка на урбанистички план од државно значење за крајбрежниот појас на Охридското Езеро составена од претставници на Агенцијата за планирање на просторот, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за катастар на недвижности, Управата за заштита на културното наследство, Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и надворешни експерти.

2. Се задолжува работната група да ја изработи потребната документација, усогласена со Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, најдоцна до 31 октомври 2021 година и за истото да ја извести Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

3. Го донесе Решението за определување на паричен надоместок за надворешните членови на работната група за изработка на урбанистички план од државно значење за крајбрежниот појас на Охридското Езеро.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2021 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Национално советодавно тело за младински политики, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Национално советодавно тело за младински политики, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Агецијата за млади и спорт, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Министерството за финансии, да именуваат преставник во Националното советодавно тело за младински политики, до 15 јули 2021 година.

3. Се препорачува на претставниците во Националното собрание на млади да изберат и номинираат 9 членови, од кои еден претседател, во Националното советодавно тело за младински политики, до 15 јули 2021 година.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот - Доизградба на помошно фудбалско игралиште во Зајас, Општина Кичево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач на градежните работи за доизградба на помошно фудбалско игралиште во Зајас, Општина Кичево.

2. За реализација на проектот - Доизградба на помошно фудбалско игралиште во Зајас, општина Кичево, се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 8.000.000,00 денари во буџетот за 2021 година.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот - Реконструкција на повеќенаменски терен во Тетово, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач на градежните работи за реконструкција на повеќенаменски терен во Тетово.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт потребните средства во висина од 2.178.000,00 денари за реализација на проектот - Реконструкција на повеќенаменски терен во Тетово, да ги обезбеди во буџетот за 2021 година.

## Точка 5

Владата го разгледа Барањето на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог - одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Решението за утврдување на правото за остварување на плата по престанувањето на функцијата бр.14-559/7 од 30 март 2021 година поради потребата истата да се разгледа по донесувањето на изменувањата и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

## Точка 7

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за здравство (09-635/3), во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје (09-2287/2), во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје (09-2288/2), во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (09-784/3), во предложениот текст.

5. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (09-2286/2), во предложениот текст.

6. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Центар за култура „Ило Антевски - Смок“ Тетово (09-2283/1), во предложениот текст.

7. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (09-1132/3), во предложениот текст.

8. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (09-2285/1), во предложениот текст.

9. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државното правобранителство на Република Северна Македонија (09-2284/1), во предложениот текст.

10. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Боговиње (09-1147/3), во предложениот текст.

11. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје (40-2570/27), во предложениот текст.

12. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за финансии-Управа за јавни приходи (40-2570/25), во предложениот текст и

13. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за финансии-Управа за јавни приходи (40-2570/16), во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Национална установа „Уметничка галерија-Тетово" Тетово, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија, со недвижни ствари во сопственост на Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија, со недвижни ствари во сопственост на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежба „Северна Македонија 2021", за период од 20 декември 2020 година до 20 април 2021 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди полициска придружба за Финалната планирачка конференција и вежбата.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да посредува во процесот на обезбедување визи на влез во Република Северна Македонија за учесниците на Финалната планирачка конференција и вежбата.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди брза лента на предвидените точки за влез во државата за учесниците и тимовите на Финалната планирачка конференција и вежбата.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, при секоја промена до Центарот за управување со кризи да доставува ажурирана листа на држави за кои е потребна виза за влез во Република Северна Македонија (на англиски јазик).

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи да помага во процесот на обезбедување визи за учесниците на Финалната планирачка конференција и вежбата.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи да помага на Центарот за управување со кризи во процесот на целосна логистичка поддршка во протоколарниот дел за двата настани.

7. Се задолжува Центарот за управување со кризи да биде одговорна институција за регистрација, пречек, сместување на учесниците на Финалната планирачка конференција и за вежбата која ќе се реализира во период од 19.9 до 24.9.2021 година.

8. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз на учесниците на Финалната планирачка конференција и вежбата.

9. Се задолжува Центарот за управување со кризи за координација на протоколот со другите вклучени институции со цел организирање на церемонија со отворање и затворање на двата настана (Финалната планирачка конференција и вежба).

10. Се задолжува Центарот за управување со кризи најдоцна до 31 јули 2021 година да утврди листа на лица кои ќе бидат дел од тимот на симулирани медиуми за време на вежбата.

11. Се задолжува Центарот за управување со кризи најдоцна до Финалната планирачка конференција да ја утврди листата на лица кои ќе бидат дел од ГШ на вежбата.

12. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во соработка со Општина Охрид да ги преземат сите организациско-административни и теренски активности со цел подготовка на зградата која е лоцирана во поранешната воена касарна „Михајло Апостолски"- Охрид.

13. Се задолжува Министерството за внатрешни работи за целосно обезбедување на учесниците и тимовите на Финалната планирачка конференција и вежбата.

14. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа најдоцна до одржување на Финалната планирачка конференција да регулира времено користење на НАТО ЕАДРУ формуларите за олеснет влез на тимовите во Република Северна Македонија за учество во вежбата.

15. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство при секоја промена до Центарот за управување со кризи да доставува листа за забранети продукти и храна за внесување во Република Северна Македонија (на англиски јазик).

16. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да достави до Центарот за управување со кризи, информација за потребни документи за внесување на кучиња во Република Северна Македонија (на англиски јазик) најдоцна до 31 јули 2021 година.

17. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди 24/7 медицинска поддршка за учесниците на вежбата која ќе се реализира во период од 19.9 до 24.9.2021 година.

18. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди ковид-19 тестови за сите ученици на Финалната планирачка конференција.

**Точка 11**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за тужбата поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги Пуцко петрол увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница од Пласница против Република Северна Македонија и Општина Карпош (М бр.87/20).

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата по Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2020 година, со Извештај од Независниот ревизор и со дополнувањето, ги донесе:

- Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје за 2020 година, во предложениот текст и

- Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата по новиот текст на Ценовникот за изменување и дополнување на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, со дополнување, ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за изменување и дополнување на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата по Финансискиот извештај за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, Финансиски извештај за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, со Извештај на независен ревизор за финансиското работење во 2020 година, Годишна сметка за 2020 година и Годишен извештај за

работењето за 2020 година на Јавното претпријатие Колекторски систем- Скопје, со предлог - одлуки, со дополнувањето, заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје за 2020 година, во предложениот текст;

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

4. Ги разгледа Финансискиот извештај за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, Финансискиот извештај за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, Извештајот на независен ревизор за финансиското работење во 2020 година, Годишната сметка за 2020 година и Годишен извештај за работењето за 2020 година на Јавното претпријатие Колекторски систем- Скопје, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата им наложи на надлежните органи на претпријатието да ја информираат Владата на Република Северна Македонија по однос на преземените активности во врска со забелешките дадени од страна на независниот ревизор.

**Точка 17**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 18**

Владата по Годишниот финансиски извештај, со Завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог-одлуки, со дополнувањето, ги донесе:

- новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај, со Завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст и

- Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги задолжи надлежните органи на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје до Владата во рок од два месеци да достават информација по однос на преземените активности во врска со забелешките дадени во Извештајот од независниот ревизор.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Статутот на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија", во државна сопственост Скопје, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја донесе Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи, овластен лекар-поединец, лекар специјалист по општа медицина или лекар специјалист по медицина на трудот, за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во спроведување на проектот - Регионален портал на деловни регистри на Југоисточна Европа – Бифидекс и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност на Централниот регистар на Република Северна Македонија, да не ги нуди своите производи - услуги на Регионалниот портал се додека не се постигне согласност за вклучениот број на трансакции во пакетите - претплатите, односно согласност за прифатлива ценовна политика согласно барањата на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

2. Се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија веднаш по постигнувањето на согласност меѓу Централниот регистар на Република Северна Македонија и Управниот одбор на Регионалниот портал да ја информира Владата за истото.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од коронавирусот COVID 19 врз производството и откуп на тутун, по скратена постапка (најнов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Во насловот, текстот на Предлогот на закон и Образложението да се избришат зборовите „коронавирусот“.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од COVID 19 врз производството и откуп на тутун, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Абдилгафар Синани, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија, угостителство и услуги Култа Плавуш ДООЕЛ Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2020 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид, ја усвои Информацијата и ја одобри анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2020 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2021 година, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го одобри ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на ревидираниот Стратешки маркетинг план за 2021 година.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Дис енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Мала Река со реф.бр. 361, МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364 и МХЕЦ Радовишка со реф.бр. 305 и ја усвои со следните заклучоци:-

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361 заведен под број 11-2436/1 од 11.04.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење, до 11.2.2022 година.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364 заведен под број 11-2435/1 од 11.04.2018 година за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење, до 26.11.2021 година.

3. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Радовишка со реф.бр.305 заведен под број 11-2437/1 од 11.04.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење, до 14.7.2022 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дис енергџи ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот за МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361, најмалку до 12.4.2022 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дис енергџи ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот за МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364, најмалку до 25.1.2022 година.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дис енергџи ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот за МХЕЦ Радовишка со реф.бр.305, најмалку до 13.9.2021 година.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Глобал енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф.бр. 7, со Анекс на договор и ја усвои Информацијата со следниве нови заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф. бр.7, бр.11-434/1 од 7.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 7 мај 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Глобал енерџи ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за МХЕЦ Рибничка со реф. бр.7 најмалку до 7 јули 2022 година.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со формирање на работна група за разгледување на можноста за проширување на опфатот на ранливите потрошувачи на енергија во Програмата за заштита на ранливите потрошувачи на енергија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Управата за јавни приходи и Министерство на финансии, а се укажува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје и Електродистрибуција ДООЕЛ, во рок од три дена да номинираат по еден член и заменик - член во Работната група за разгледување на можноста за проширување на офатот на ранливите потрошувачи на енергија во Програмата за заштита на ранливите потрошувачи на енергија и номинациите да ги достават до Министерството за економија, со контакт податоци за номинираните лица.
2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од три дена да номинира членови и заменици - членови во работната група кои имаат пристап до бази на податоци потребни за работата на Работната група од точка 1 од овие заклучоци и номинациите да ги достават до Министерството за економија, со контакт податоци за номинираните лица.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисијата за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – керамичка глина на локалитетот „Бодевица“, Кучов Рид, Општина Пехчево, со Предлог - решение ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да достави номинации за член и заменик член по точките 5 и 9 во членот 2 од Решението.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – метални минерални суровини на локалитетот „Пекљани“ Општина Виница, со Предлог-одлука и не ја донесе Одлуката.

## Точка 31

Владата по новиот текст на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Голем Врв“, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлуки ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Голем Врв“ Општина Демир Хисар (бр.45-8192/1 од 26.11.2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/19)), во предложениот текст.

2. Предлог-одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Голем Врв“, Општина Демир Хисар, да се разгледа во редовна Владина постапка, откако ќе бидат доставени мислења од Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Управата за заштита на културното наследство и Општина Демир Хисар.
Истовремено, се има предвид задолжението од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јуни 2021 година.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Градиште“, Општина Штип, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип, во предложениот текст.

Предлог-одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип, да се разгледа во редовна Владина процедура, откако ќе бидат доставени мислења од Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за

животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Управата за заштита на културното наследство и Општина Штип.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-вулкански туф на локалитетот „с. Отошница“ Општина Ранковце, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – вулкански туф на локалитетот „Отошница“, Општина Ранковце, да се разгледа во редовна Владина процедура, откако ќе бидат доставени мислења од Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Управата за заштита на културното наследство и Општина Ранковце.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисии за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Какуцин“ с.Петршино, Општина Пробиштип, „Орниче“, Општина Долнени и „Орниче 2“, Општина Долнени, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - андезит на локалитетот „Какуцин“ с.Петршино, Општина Пробиштип, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Орниче“, Општина Долнени, во предложениот текст.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот „Орниче 2“, Општина Долнени, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, Општина Градско, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, Општина Градско, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Министерството за животна средина и просторно плнирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „Кадиица“, Општина Ресен, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина глина на локалитетот „Кадиица“, Општина Ресен, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – антимон на локалитетот „Лојане“, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – метлични минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип, на Друштвото за трговија и услуги Вардар рисорсес интернешанал ДООЕЛ Скопје и не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – метлични минерални суровини на локалитетот „Шопур“, Општина Радовиш и Општина Штип на Друштвото за трговија и услуги Вардар рисорсес интернешанал ДООЕЛ Скопје.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво, производство, услуги и трговија, Изградба комерц експорт - импорт Скопје на локалитетот „с.Идризово - 1“, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за германското претседавање со Берлинскиот процес 2021 со платформа за настап на македонските делегации на Самитот на 5 јули 2021 година и поврзаните министерски состаноци и настани од Берлинскиот процес, ја усвои Информацијата и ги задолжи членовите на делегацијата на Република Северна Македонија да ги презентираат ставовите содржани во Предлог – платформата за настап на сесиите, кои се предвидени во рамки на Програмата на претседателството.

## Точка 42

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за плановите за упатување на штабен персонал од Армијата на Република Северна Македонија во НАТО структурата на сили и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ги преземе сите мерки и активности потребни за упатување на штабен персонал од Армијата на Република Северна Македонија во НАТО структурата на сили во 2022 година и тоа:

-Да упати писма на намери за упатување на штабен персонал од Армијата на Република Северна Македонија до дефинираните команди на корпуси за брзо распоредување (NRDC-IT, NRDC-T, NRDC-GR и MNC-SE), до 15 јули 2021 година,

-Во соработка и кординација со дефинираните команди на корпуси за брзо распоредување (NRDC-IT, NRDC-T, NRDC-GR и MNC-SE) да изработи презентација и донесе одлука за пополна на позиции со штабен персонал, до 31 август 2021 година,

-Да потпише соодветни меморандуми за разбирање со „рамковните нации“ на дефинираните команди на корпуси за брзо распоредување (NRDC-IT, NRDC-T, NRDC-GR и MNC-SE), најдоцна до 31 октомври 2021 година,

-Да изврши избор на штабен персонал од Армијата на Република Северна Македонија кој ќе биде упатен на работа во дефинираните команди на корпуси за брзо распоредување (NRDC-IT, NRDC-T, NRDC-GR и MNC-SE), најдоцна до 30 ноември 2021 година,

-Во соработка и координација со дефинираните команди на корпуси за брзо распоредување (NRDC-IT, NRDC-T, NRDC-GR и MNC-SE) да упати штабен персонал од Армијата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 јуни 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата за постигнатиот напредок во однос на подготвителните активности за успешно упатување на

штабен персонал од Армијата на Република Северна Македонија во НАТО структурата на сили, најдоцна до 15 декември 2021 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржувањето на втората сервисна магистрала од Платформата за интероперабилност и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2021, 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на Одржување на втората сервисна магистрала од Платформата за интероперабилност, во вкупна вредност од 32.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
а. 2.000.000,00 денари во 2021 година,
б. 7.000.000,00 денари во 2022 година,
в. 14.000.000,00 денари во 2023 година,
г. 9.000.000,00 денари во 2024 година.

Потребните средства за реализација на набавката во 2021 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во рамките на Раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства како и користење на постоечка, со Предлог-препораки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги прифати Препораките за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечката кабелска канализација, доставени како Прилог 1 од оваа информација.

2. Се задолжува Меѓуресорската работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации да ја разгледа можноста за измени и дополнувања на конкретни законски и подзаконски акти, согласно Препораките дадени во Прилог 1 од оваа информација и за истото да ја извести Владата до крајот на декември 2021 година.

3. Се задолжува Меѓуресорската работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации, при подготвувањето на измените да предвиди при користењето на слободната кабелска канализација и/или на слободни оптички кабли/влакна изградени со јавни средства, приоритет да има ЈП Национална радиодифузија за изградба и развој на Националната транспортна оптичка мрежа.

**Точка 45**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со барање за дигитализација на услугите доставено од Институт за добро управување и евроатлантски перспективи.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Димитар Филиповски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.73/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 10 и 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2013) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/13):

„Во членот 91 став (10) по зборот „години“ се додаваат зборовите: „со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште.“

Согласно членот 14:
„Одредбата од членот 10 од овој закон која се однесува на членот 91 став (10) ќе започне да се применува од 1 септември 2013 година.“.

Со членот 10 се дополнува став 10 на членот 91 од Законот за средното образование и истиот гласи:
„ (10) Мандатот на директорот на јавното средно училиште трае четири години со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште.“.

Согласно наведениот член од Законот за средното образование, а тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на воспитно-образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои може да се изведува воспитно-образовната дејност во средното училиште, а во тие рамки да се утврдат и одредени критериуми кои треба да ги исполнува лицето за директор на осново училиште.

При тоа, право е на законодавецот да ги утврди посебните критериуми за избор на директор на средно училиште, по пат на јавен оглас и под еднакви услови, со исполнување на општите и посебните услови предвидени за работното место директор на средно училиште, како и времетраењето на мандатот.

Одредбата од ставот (10) на членот 91 од Законот за средното образование го определува времетраењето на мандатот на директор на средно училиште на четири години, со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште. Истото ја исклучува можноста за повторен избор на директор на тоа средно училиште, доколку лицето било избрано за директор во два последователни мандати. Со оглед дека Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/13), со кој се менува ставот (10) на членот 91, влегол во сила на ден 22 февруари 2013 година, а започнал да се применува од 1 септември 2013 година, согласно член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија законите и другите прописи не можат да имат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Се напоменува дека во целиот текст на поднесената Иницијатива, подносителот користи „Република Македонија“ наместо „Република Северна Македонија“, што е спротивно на Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија: одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Имајќи предвид дека со одредбите од членовите 10 и 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/13), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија утврдени во членот 8 став 1 алинеите 1, 3 и 7, член 9, член 23, член 32 ставови 1, 2 и 5, член 47 став 3, член 51, член 54 став 1, член 55 и член 58 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната иницијатива поднесена од Димитар Филиповски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.73/2021, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 10 и 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2013).

**Точка 47**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.69/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „или наплата за противвредноста на одземените предмети“ од член 40 став 4 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и притоа го утврди следново мислење:

Со оваа иницијатива подносителот предлага поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 40 став 4 во делот „или наплата на противвредноста на одземените предмети“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), бидејќи во отсуство на точно определена дефиниција што се подразбира под самиот поим како и параметрите во самиот закон како пропис и услови кога таквата мерка може да се изрече, оспорениот дел е недоволно прецизен и може да доведе до арбитрерно постапување во прекршочните постапки од страна на засегнатите страни кое нешто не е во духот на член 8 стан 1 алинеја 3 и членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно членот 40 од Законот за прекршоците:
(1) За конфискуван имот и имотна корист прибавена со прекршок на физичко лице соодветно се применуваат одредбите за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети од Кривичниот законик.
(2) За конфискуван имот и имотна корист прибавена со прекршок на правно лице соодветно се применува одредбата за видови казни на правно лице од Кривичниот законик.
(3) При одземање предмети судот, односно прекршочниот орган соодветно ги применуваат одредбите за услови за одземање на предмети од Кривичниот законик.
(4) Прекршочен орган од посебните прекршочни мерки може да примени само мерка одземање на предмети или наплата на противвредноста на одземените предмети, кога тоа е определено со закон со кој е пропишан прекршокот.
(5) Доколку прекршочниот орган смета дека за одреден прекршок треба да се изречат мерките конфискација на имот и имотна корист, органот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка со предлог до судот за донесување на одлука по барањето, со собраните докази за имотот и имотната корист од сторениот прекршок, независно од тоа кога било поднесено барањето за поведување на прекршочна постапка пред органот.

Согласно член 267 од Царински закон (Службен весник на Република Македонија бр. бр.39/05; 4/08; 48/10; 158/10; 44/11; 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/2015, 192/15, 23/16, 144/18 и 110/21):
(1) Стоката која е предмет на прекршок од членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) и членот 265 во врска со членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) на овој закон, се одзема.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член доколку стоката предмет на прекршок е опрема, резервни делови, помошни средства кои се неопходни за одржување на процесот на производство или рекламен материјал со мала вредност, нема да се одземе ако сторителот на прекршок се согласи веднаш да ја плати изречената глоба и за истата спроведе некое царински дозволено постапување или употреба на стоката определени со овој закон.
(3) Стоката од ставот (1) на овој член се одзема и кога не е сопственост на сторителот на прекршокот, доколку сопственикот на стоката знаел или со оглед на околностите на случајот би можел да знае дека стоката е предмет на прекршоците од членот 263 или 265 на овој закон.
(4) Стоката од ставовите (1) и (2) на овој член се одзема и кога, по извршувањето на прекршокот, е преработена, обработена или доработена, а дополнителната

вредност не надминува 30% од царинската вредност на стоката, предмет на прекршокот.
(5) Ако стоката предмет на прекршок не се пронајде, од сторителот на прекршокот се наплатува нејзината вредност, што според одредбите на овој закон значи царинска вредност и се поведува постапка за наплата на увозни давачки и други давачки кои се плаќаат при увоз.
(6) Се смета дека стоката не е пронајдена доколку од која било причина не е можно да му се одземе на сопственикот. Се смета дека стоката, исто така, не е пронајдена, доколку стоката што е предмет на прекршок, по извршувањето на прекршокот, е преработена, доработена или обработена, така што дополнителната вредност надминува 30% од царинската вредност на стоката, предмет на прекршокот.
(7) Доколку има повеќе сторители, за вредноста на стоката одговараат солидарно.
(8) Стоката, што е предмет на царински прекршок, за која е пропишана посебна прекршочна мерка одземање на стоката, до завршување на постапката по прекршокот е под царински надзор.

Во член 268 од истиот закон е определено дека стоката или транспортното средство со кое е сторен прекршок се одзема, односно се наплатува нивната вредност и кога против сторителот не може да се води прекршочна постапка поради тоа што е непознат или е недостапен, или поради постоење на други законски пречки.

Согласно членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е владеењето на правото.

Според член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Врз основа на горе наведените одредби прекршочниот орган може да примени мерка одземање на предмети, а кога тоа е определено со посебен закон со кој е пропишан прекршокот и наплата на противвредноста на одземените предмети во услови кога од објективни причини не може да се примени мерката одземање на предмети.
Таков е примерот со Царинскиот закон во кој детално е наведен начинот и постапката на наплата на противвредноста на предметите кои требало да се одземат, а кои пред се поради нивните карактеристики и својства не е можно да бидат предмет на одзамање.

Примери од царинската практика за вакви предмети кои не е можно ниту привремено да се задржат од страна на царинските органи при откривање на царински прекршок, а следствено ниту да се одземат со одлука на надлежен прекршочен орган или надлежен суд има многу па во отсуство на мерката за наплата на нивната противвредност не е можно да се изрече прекршочната санкција на сторителите на царински прекршок со вакви царински стоки.

Типичен пример за ваков предмет претставуваат царинските стоки: струјата или пак, гасот кој се транспортира преку гасовод, кои не така ретко се предмет на

царински прекршок, а кои практично е невозможно да бидат одземени од царинските органи при откривање на прекршокот,

Вакви предмети би биле и сите други царински стоки кои се ставени во некоја царинска постапка (пример во транзит или во привремен увоз), но кои во опредлениот рок целосно или делумно не го напуштаат царинското подрачје туку незаконски се пуштени во слободен промет (се продадени на црниот пазар и слично) без да се спроведат царинските формалности и да се платат пропишаните увозни давачки.

Поради наведеното сметаме дека не е сторена повреда на членот 8 алинеја 3 ниту на член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи со оспорената законска одредба не се нарушува принципот на владеење на правото, и одредбите се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на членот 40 став 4 во делот „или наплата на противвредноста на одземените предмети" од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) е неоснована поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива.

## Точка 48

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Ивана Талевска - Трендафилова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.48/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 379 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 379 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13), од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбите од член 8 став (1) алинеја 3, член 13, член 52 став (4) и член 98 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот, оспорената законска одредба е двосмислена, нејасна, конфузна, непрецизна, истата има ретроактивно дејство кое дејствува поповолно за тужителот отколку за тужениот, нејзиниот наслов не одговара со нејзината содржина и е во колизија со членот 378 од Законот за облигационите односи. Од овие причини, подносителот на Иницијативата предлага Уставниот суд да го укине членот 379 и истиот да се замени со сентенцата Рев. Бр. 272/05 на Врховниот суд на Република Северна Македонија која гласи „Рокот за застареност за надомест на штета причинета со кривично дело за кое е донесена осудителна пресуда започнува да тече одново доколку тужбата е поднесена во рок од три месеци од приемот на правосилната пресуда со која е завршена кривичната постапка во која е истакнато оштетно побарување.", а со цел обезбедување на воедначена примена на

правото поради тоа што постои двосмисленост, законска нерегулираност и колизија на законски норми кои ја уредуваат оваа материја.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:
За оспорената одредба, подносителот на предметната Иницијатива смета дека не е во согласност со член 8 алинејата 3 од Уставот, која се однесува на владеењето на правото, и со член 13 од Уставот согласно кој „Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон.“ Со член 52 ставот (4) од Уставот се определува дејството на прописите: „Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.“ Со член 98 ставот (2) од Уставот се предвидува донесување на Законот за судовите: „Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.“.

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите. Судската заштита е посебен облик на организирана правна заштита. Неа ја даваат, по правило, судовите според посебни правила на постапката кои се детално утврдени со закон. Странката за да го оствари своето повредено, загрозено или вознемирено субјективно право, се обраќа до надлежниот орган или суд со барање за соодветна заштита. Во постапката за правна заштита, судот испитува, на начин пропишан со процесното право, дали постои наводното субјективно право кое правниот субјект сака да го оствари и ги определува мерките на негова заштита.

Принудата која судот ќе ја примени секогаш се движи во рамките на општите правила на постапување кои се предвидени со процесното право и тоа подеднакво за сите субјекти што учествуваат во постапката за заштита и остварување на правото. Правната заштита на субјективните права кои произлегуваат од корпусот на различните граѓанско-правни односи е уредена со посебни процесни правила. Оваа заштита, на барање на носителот на субјективното право што е повредено, оспорено или загрозено, ја дава судот во посебна постапка за судско остварување на правата – граѓанско-судска постапка. Правната заштита се обезбедува според правилата на редовната (општата) парнична постапка уредена со Законот за парничната постапка.

Со Законот за облигационите односи се уредуваат основите на облигационите односи, договорните и други облигациони односи во прометот на стоки и услуги.
Одделот 4 од Законот за облигационите односи го уредува поимот „застареност“ како едно од најзначајните прашања за остварување на правото. Со настапување на застареноста престанува правото да се бара присилно исполнување на обврската.

Застареноста настапува кога ќе истече определеното време со закон во кое доверителот можел да бара исполнување на обврската.

Во Оддел 4 Отсекот 1 од Законот за облигационите односи се дадени општите правила за застареноста, а Отсекот 4 уредува начини на прекинување на застарувањето (признавање на долг, подигање тужба и друго). Членовите 378 и 379 се дел од Отсекот 4 од Законот за облигационите односи.

Членот 378 од Законот гласи: „(1) Се смета дека прекинувањето на застарување извршено со подигање тужба или со некое друго доверителово дејствие преземено против должникот пред суд или пред друг надлежен орган заради утврдување, обезбедување или остварување на побарување не настапило ако доверителот се откаже од тужбата или од дејствието што го презел.

(2) Исто така, се смета дека немало прекинување ако доверителовата тужба или барање биде отфрлено или одбиено или ако издејствуваната или преземената мерка за извршување или обезбедување биде поништена.“

Одредбата со наслов Откажување, отфрлање или одбивање на тужба од членот 378 определува ситуации кога поднесувањето на тужбата или преземањето на некое друго дејствие, против должникот доведува до прекинување на застарувањето. Впрочем, таков е случајот кога самиот доверител презема дејствија кои го поништуваат таквото евентуално условно прекинување на застарувањето, односно кога органот пред кој е преземено тоа дејствие ќе донесе таква одлука со која се поништува прекинувањето на застарувањето. Оттука, поднесената тужба од страна на доверителот против должникот или преземањето на друго дејствие пред суд или друг надлежен орган од страна на доверителот би довело до прекинување на рокот за застареност доколку е уважено тужбеното барање и со тоа би се постигнала реализација на побарувањето на доверителот или пак, би се утврдило побарувањето на доверителот или пак, би се утврдило побарувањето што тужителот, односно доверителот го има према должникот.

Ако доверителот се откаже од тужбата или од дејствието што го презел согласно ставот 3 од член 381 (истакнување на пребивање на побарувањата во спор, односно пријавување на побарување во некоја друга постапка) во тој случај се смета дека не настанало прекинување на застарувањето. Под откажување од тужбеното барање се смета и повлекување на тужбата што било сторено изречно од страна на тужениот, кога од одредбите од Законот за парничната постапка се смета дека тужбата е повлечена, во случај ако не е даден предлог за продолжување на постапката или пак, ако настапат услови за мирување по втор пат и слично.

Обраќањето на доверителот до судот или на некој друг орган пред кој било поставено барањето на доверителот, се смета дека не доведува до прекинување, ако доверителовата тужба или барање биде отфрлено или одбиено, или ако издејствуваната или преземената мерка за извршување или обезбедување биде поништена. Постои исклучок од ова правило, а тоа е подетално образложено и опфатено во член 379 од Законот за облигационите односи.

Членот 379 гласи: „Ако тужбата против должникот е отфрлена поради ненадлежност на судот или поради некоја друга причина која не се однесува на суштината на работата, па доверителот повторно подигне тужба во рок од три месеци од денот на правосилноста на одлуката за отфрлање на тужбата, се смета дека застарувањето е прекинато со првата тужба.“.

„Истото важи и за повикување во заштита и за истакнување на пребивање на побарувањата во спор, како и во случај кога суд или друг орган го упатил должникот своето пријавено побарување да го остварува во процесна постапка.“

Имено, со овој член се регулираат исклучоците од правилата за непрекинување на застарувањето во случаите кога тужбата на доверителот или неговото барање бидат отфрлени или одбиени или ако преземенaта мерка за извршување за обезбедување биде поништена. Таков е случајот со ставот 2 од член 378 од Законот.

Доколку органот одлучил така што не се впуштил во суштината на работата, тогаш ако доверителот повторно подигне тужба во рок од три месеци од денот на правосилноста на одлуката за отфрлање на тужбата, пред надлежниот орган, се смета дека застарувањето е прекинато со првата тужба. Истото важи и кога органот пред кој било преземено дејствието од страна на доверителот, не се впуштил суштински во испитување на побарувањето, , на пример кога во кривична постапка е донесена ослободителна пресуда, па доверителот кој поднел барање за надоместување на штетата е упатен на редовна парница да го оствари своето побарување. Исто така, тужбата може да биде отфрлена поради апсолутна ненадлежност на судот, поради неотстранети неедостатоци и неуредности на тужбата како поднесок.

По однос на повикувањето во заштита од став 2 на оспорениот член треба да се има предвид и членот 199 од Законот за парничната постапка каде е утврдено дека кога тужениот или тужителот треба некое друго лице да го известат за започнатата парница, за да се заснова со тоа извесно граѓанско – правно дејство, тие можат се додека парницата не се доврши правосилно, тоа да го сторат со поднесок преку парничниот суд каде ќе ја наведат причината за известувањето и во каква состојба се наоѓа парницата.

Истакнувањето на пребивање на побарувањето во спор може да настане со противтужба (член 179 од Законот за парничната постапка) или со приговор за пребивање (член 384 од Законот за парничната постапка).
Оттука, во сите случаи ако доверителот повторно подигне тужба во рок од три месеци од денот на правосилноста на одлуката за отфрлање на тужбата или на овие други поднесоци или на парнични дејствија, се смета дека застарувањето е прекинато со првата тужба, односно со претходното парнично дејствие.
Оттука, наводите од предметната Иницијатива за укинување на член 379 од Законот за облигациони односи од причина што, според подносителот на Иницијативата, законодавецот донел два члена кои се однесуваат на рок на застареност при отфрлање на тужба, кои членови се во колизија, а не донел законска одредба кога почнува да тече рокот за застареност за надомест на штета причинета со кривично дело, за кое е донесена осудителна пресуда, па за уредување на оваа правна празнина и единствена примена на правните норми,

Врховниот суд ја донел сентенцата Рев. Бр.272/05, се апсурдни од причина што и според самиот наслов на Отсек 4 од Законот за облигациони односи е пропишано дека се работи за ПРЕКИНУВАЊЕ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО, а законодавецот ги предвидел сите ситуации кога се прекинува застарувањето.

Имајќи го предвид наведеното, законодавецот јасно ги поставил основите кога нема да има прекинување на застарување и од кога почнува да тече рокот за застареност. Впрочем, сентенцата на Врховниот суд на Република Северна Македонија која подносителот на Иницијативата ја наведува, не не упатува на погрешна примена на материјалното право, напротив, преку веќе воспоставена пракса не упатува на правилна примена на одредбите од Законот за облигациони односи во конкретни ситуации низ разни примери од судската пракса. Сентенците на Врховниот суд на Република Северна Македонија служат како судска пракса со цел обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите.

Дополнително, законското решение се применува од страна на сите судови непречено и оттука, по разгледување на сите теоретски и практични причини оспорената одредба од Законот за облигациони односи е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и согласно ова Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 379 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13).

## Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Солунка Александрова - Лука и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.70/2021 за оценување на уставноста на член 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија" бр.63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014, 15/2015, 153/2015, 27/2016 и 83/2018) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно членот 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија" бр.63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014, 15/2015, 153/2015, 27/2016 и 83/2018), депозитите на физички лица на кои им биле дадени привилегирани каматни услови, различни од оние објавени во банката или штедилницата не се обештетуваат од страна на Фондот за осигурување на депозити.
Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити, сметајќи дека е во спротивност со член 8 став 1 алинеи 1, 3, 6, 7 и 8 од Уставот на Република Северна Македонија, според кои темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, правна заштита на сопственоста, слободата на пазарот и претприемништвото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста. Истовремено, подносителот наведува дека оспорената одредба не е во согласност со член 9 од Уставот, според кој граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло,

политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба и како и пред Уставот и законите.

Според подносителот на Иницијативата оспорената одредба не е во согласност и со член 30 став 3 од Уставот, според кој никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Истовремено, подносителот наведува дека оспорената одредба не е во согласност со член 54 од Уставот според кој „Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната определеност на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.“.

Според подносителот на Иницијативата оспорената одредба не е во согласност член 55 од Уставот според кој „Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.“ Дополнително, подносителот укажува дека оспорената одредба е во спротивност со член 57 од Уставот според кој „Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за по рамномерен просторен и регионален развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја“.

Со одредбата на член 10 став 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити е утврдено дека Фондот не ги обештетува следните депозити: 1. Депозити на кои им биле дадени привилегирани каматни услови , различни од оние објавени во банката или штедилницата, 2.Депозити на сопственици на над 5% од акциите со право на управување со банката или штедилницата, 3. Депозити на членови на органите на управување на банката или штедилницата, 4. Депозити на роднини од прв степен на лицата од точките 2 и 3 на овој член и 5. Депозити кои се поврзани со трансакции со кои се вршело перење пари доколку прекршителот е осуден и казната е во сила.

Имајќи ги предвид видот на депозитите кои согласно погорецитираната одредба не се предмет на обештетување од страна на Фондот за осигурување на депозити, очигледно е дека целта на законодавецот со истата е да се оневозможи обештетувањето на депозитите кои, всушност имаат карактер на привилегирани, пред сè поради привилегираните каматни услови, поради привилегираната позиција на сопствениците на депозитите, кога истите имаат над 5% од акциите со право на управување, поради позицијата во органите на управување, поради роднинскиот однос со лицата кои имаат улога во управувањето со банката, односно штедилницата, како и депозитите кои се поврзани со трансакции со кои се вршело перење на пари, кога истиот е осуден и казната е во сила.

Имено, овој „привилегиран" статус на депозитите кои не се предмет на обештетување, според законодавецот се утврдени, врз основа на обврската на Република Северна Македонија, како земја-кандидат за членство во Европската Унија, да го усогласи националното законодавство со законодавството на Европската Унија во оваа област до денот на стекнување на полноправното членство во Европската Унија. Во таа насока, во Законот за Фондот за осигурување на депозити е транспонирана Директивата 94/19/ЕЗ за депозитни гарантни шеми. Имено, согласно Анексот 1 точка 11 од наведената Директивата е утврдено дека депозити што не се обештетуваат се депозитите на кои депонентот на индивидуална основа од кредитната институција добил камата и финансиска концесија и истата придонела до влошување на финансиската состојба на кредитната институција.

Поради тоа, согласно законодавството на Европската Унија вградено во оспорениот член 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити и интенцијата на Директивата и на нашиот законодавец е всушност, да се избегне двојното привилегирање на статусот на овој вид на депозити, со оглед дека во конкретниот случај се смета дека индивидуално договорените поповолни каматни услови за одредени депозити, за кои всушност се исплаќа камата поголема од објавената на банката или штедилницата, го доведува во ризик стабилното финансиско работење на банката или штедилницата, и со тоа ги доведува во понеповолна и ризична состојба сопствениците на депозитите, на кои им е утврдена објавената каматна стапка на банката односно штедилницата. Привилегираната каматна стапка го зголемува иницијалниот депозит, а во следниот период на вкаматување, на зголемениот износ се применува нова привилегирана каматна стапка. Преку механизмот на сложена камата привилегираните депозити добиваат повеќекратна предност во однос на непривилегираните депозити.

Врз основа на претходно наведеното, обезбедувањето на еднаквост на граѓаните во однос на нивните депозити и финансиската корист која ја стекнуваат, преку каматите, е причина депозитите за кои во договорите се даваат привилегирани каматни стапки за одредени депоненти да не бидат опфатени со обештетувањето на вложените средства од страна на Фондот за осигурување на депозити. Од таа причина во членот 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити јасно е утврдено дека депозитите на физички лица на кои им биле дадени привилегирани каматни услови, различни од оние објавени во банката или штедилницата не се обештетуваат од страна на Фондот за осигурување на депозити.

Оттука, се укажува дека е неосновано оспорувањето на член 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити, со оглед дека во однос на заштита на правото на сопственост треба да се имаат во предвид основните темелни вредности утврдени во Уставот на Република Северна Македонија за владеењето на правото, но и одредбите на членот 30 ставови 1 и 2 од Уставот согласно кои се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Но, е утврдено и дека сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и заедницата.

Имено, секој граѓанин како сопственик на парични средства може слободно да располага со своите средства и истите може да ги инвестира на пазар на капитал, да ги вложи во инвестициски фондови, да ги вложи како депозит за одредена камата во деловна банка, да ги инвестира во деловен потфат и сл. Вложувањето на паричните средства како депозит во банка зависи од волјата на секој поединец и е одраз на негова лична одлука за инвестирање на средствата кои ги поседува. Вложувањето на паричните средства претпоставува стекнување на одредена корист, но и можен ризик од загуба на вложените средства. Користа и ризикот се во корист односно на штета на сопственикот на средствата кој по слободна волја одлучил каде ќе ги вложи средствата. Во случајот, физичките лица депозитите ги вложиле во банка и им биле дадени привилегирани каматни услови, различни од оние објавени во банката или штедилницата, а за кои согласно Законот за Фондот за осигурување на депозити не се предвидува да бидат обештетени од Фондот за осигурување на депозити.

Со ваквото законско решение на депонентите не им се одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од депозитите, од причина што во случај на стечај на банка депозитот остануваат во сопственост на правно или физичко лице - клиент на банката и согласно уставно загарантираното право за еднаков третман на сите лица, има право на побарување од стечајната маса, а со тоа и статус на стечаен доверител. Физичките лица со депозити со привилегирани каматни стапки имаат статус на стечајни доверители и се наплатуваат во ист редослед на наплата како и сите други доверители.

По однос на тоа дека оспорената одредба не е во согласност со членот 55 од Уставот со која се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото и дека Републиката презема мерки против монополската положба и однесување на пазарот, се укажува дека токму оспорената одредба е вградена во Законот за да се спречи монополското однесување на банките на пазарот, односно со давање на повисоки каматни стапки да се привлечат поголем број на депоненти да штедат во истите.

Истовремено, депозитите со привилегирани каматни стапки не се обештетуваат со цел да се спречи Фондот да се доведе во состојба да нема доволно финансиски средства за исплата на побарувањата во случај на стечај на повеќе банки и/или штедилници. Доколку истите се обештетуваат од Фондот, постои ризик да се случи морален хазард, а со тоа да се наруши јавниот интерес преку загрозување на финансиската стабилност во земјава. Според тоа, начинот и ограничувањето на депозитите кои се обештетуваат се економски оправдани.

Законот за Фондот за осигурување на депозити воспоставува законска рамка на правила кои се еднакви за сите и ги обезбедува основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, правна заштита на сопственоста, слободата на пазарот и претприемништвото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста. Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право како темелна вредност на уставниот поредок и владеењето на правото, правна заштита на сопственоста, слободата на пазарот и претприемништвото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста претставуваат постоење и почитување на

општите стандарди и позитивните законски прописи. Владеењето на правото подразбира и транспарентност на условите и критериумите за стекнување и губење на одредени права, како и почитување на законите од страна на оние на кои тие закони се однесуваат.

Неспорна е легитимната цел и општествената оправданост за соодветното нормирање и функционирање на Фондот за осигурување на депозити како државен инструмент во банкарскиот систем кој е дел од обезбедувањето на сигурност и стабилност во банкарскиот систем, како и заштита на сопственоста на штедачите што преставува прашање од јавен интерес.

Во однос на наводите во Иницијативата, со кои се оспорува усогласеноста на член 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити со Законот за облигационите односи и Законот за банките се укажува дека треба да се имаат предвид одредбите на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија согласно која, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите, но не е надлежен да одлучува за усогласноста на закон со друг закон.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите на член 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити се во согласност со темелните вредности утврдени во Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 точка 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити.

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52539 за КО Визбегово на КП бр.450, викано место/улица Коњски Дол и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.29317 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.114/1, викано место/улица Сингелиќ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1445 за КО Јурумлери на КП бр. 248 за викано место/улица Село и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 195489, за КО Драчево 2, на КП бр. 244, Викано место/улица Бабајлија и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со имотни листови бр.5302 и 1483 за КО Ресен на КП бр. 4232 за викано место/улица М.Трповски и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.401 за КО Ајватовци на КП бр. 735 за викано место/улица Раскрсница и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1547 за КО Маџари на КП бр.164/2 за викано место/улица Антон Попов и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1470, за КО Чаир, на КП бр. 373, викано место/улица А.Турунџев и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3354 за КО Ѓорче Петров 3 Дексион на КП бр.5237 место/улица Црногорска и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 59

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вера Станоевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 9641 за КО Гази Баба, на КП бр. 836, Имотен лист бр. 9640 за КО Гази Баба на КП бр. 837 и Имотен лист бр. 44997 за КО Гази Баба, на КП бр. 838 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 60

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 61

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за конечна селекција на апликации за финансиска поддршка преку јавен повик за финансиска поддршка за индустријата и операторите за организација на настани со задолжително ангажирање домашни изведувачи за реализација на настани на теми со кои се одбележува 30 години независност на Република Северна Македонија, во периодот јуни – септември 2021 година, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1) Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

2) Се задолжува Комисијата за оценување на пристигнати предлог-проекти, врз основа на кои ќе биде доделена финансиска помош, од Јавен повик за финансиска поддршка за индустријата и операторите за организација на настани со задолжително ангажирање домашни изведувачи за реализација на настани на теми со кои се одбележува 30 години независност на Република Северна Македонија, во периодот јуни - септември 2021 година да ги објави јавно резултатите за одобрените средства и апликациите кои се поддржани во најскор можен рок преку официјалата веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**2.** Претседателот на Владата, Зоран Заев ја информираше Владата за доставеното Известување од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, со кое известува дека Владата на Република Северна Македонија со допис бр. 08-2167/3 од 30 јуни 2021 година го известила Собранието на Република Северна Македонија дека Предлогот на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование го повлекува од собраниска постапка.

Од тие причини известувањето доставено од страна на Собранието на Република Северна Македонија до Владата со кое во прилог е доставена Граѓанската иницијатива за распишување на реферндум за одлучување на државно ниво доставена преку Граѓанската иницијатива „УЧЕБНИЦИ И НАСТАВА МОРА ДА ИМА“, со Предлог за референдум заради директно и непосредно изјаснување на волјата на граѓаните за предложениот Предлогот на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, како и

барањето за известување на органот надлежен за евиденција на избирачкото право, се беспредметни.

**3.** Владата по доставеното Известување од ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје, а во врска со проблемот со истечени патни исправи заклучи:

-Се задолжува Министерството за надворешни работи повторно да испрати нота до сите држави и притоа прецизно да дефинира дека важноста на сите пасоши, дипломатски пасоши и службени пасоши, чиј рок на важење е истечен, односно истекува по 31 јули 2020 година, се продолжува до 31 декември 2021 година, а примената ќе започне од 1 јули 2021 година, согласно член 4 и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122 од 3.6.2021 година) како и дека истото ќе важи за сите лица, а не само за лицата кои се враќаат во државата.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 26 јуни 2021 година до 2 јули 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 24 јуни 2021 година до 30 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучокот број 20 од Точка 83 од Нацрт – записникот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2021 година по Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција и го прифати Барањето, односно наместо наведениот рок за реализација – три месеци (јуни 2021 година), да биде – декември 2021 година.

**7.** Владата по повод Барањето од Туристичко-угостителската комора при Сојузот на стопански комори на Македонија за изменување на Протоколот за организирање свадби / прослави и веселби, како и врз основа од расправата на седницата на Владата, заклучи:

1) Да се дозволи послужување на најмногу осум лица на една маса со задолжително почитување на пропишаното растојание помеѓу секој гостин и растојание помеѓу масите, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), имајќи ја предвид големината на масите за послужување.

2) Да се дозволи послужување на гости на маси за стоење и на шанк, во отворениот и затворениот дел на угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), угостителските објекти за исхрана, кафетериите и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување).

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**8.** Владата по Барањето за именување на новиот мост на реката Пчиња во Долно Коњари на регионалниот пат Р2136, условно ја донесе Одлуката за именување на новиот мост на река Пчиња во Долно Коњари на регионалниот пат Р2136, доколку Секретаријатот за законодавство го потврди основот за донесување на истата.

**9.** Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Денот на Републиката, заклучи:

1) Организацискиот одбор за прославата на националниот празник Илинден 2021 година е предводен од Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а составен од претставници на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претставници од Одделението за протокол и Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија.

2) Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на националниот празник Илинден 2021 година во Пелинце да ја предводи Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во состав на Делегацијата предводена од Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија да бидат:

- Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси,

- м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, министер за одбрана,
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и
- д-р Ирена Стефоска, министер за култура.

3) Делегацијата по повод прославата на националниот празник Илинден 2021 година во Скопје да ја предводи м-р Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на националниот празник Илинден 2021 година во Скопје да бидат:
- доц.д-р. Венко Филипче, министер за здравство и
- Мила Царовска, министер за образование и наука.

4) Делегацијата по повод прославата на националниот празник Илинден 2021 година во Крушево да ја предводи д-р Стево Пендаровски, Претседател на Република Северна Македонија.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на националниот празник Илинден 2021 година во Крушево да бидат:
- д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и
- м-р Горан Милески, министер за локална самоуправа.

5) На прославата на националниот празник Илинден 2021 година во Смилево да биде д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

Се препорачува на протоколот од Општина Демир Хисар протоколарно да ја проследи владината Делегација и протоколарно да го организира настанот.

6) Координацијата на прославите за националниот празник Илинден 2021 година да биде предводена од Организацискиот одбор кој ќе координира со Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

7) Се задолжува Министерство за здравство, преку Комисијата за заразни болести да обезбеди мислење за постоечките протоколи за организација на државни настани согласно моменталните рестриктивни мерки и моменталната состојба со пандемијата и врз основа на истото да препорача измени и дополнувања на постоечките протоколи.

8) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на националниот празник Илинден 2021 година во Пелинце, според организацискиот план на Организацискиот одбор.

9) Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на националниот празник Илинден 2021 година во Крушево.

Се укажува на Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на националниот празник Илинден 2021 година во Скопје.

10) Се укажува на службите за протокол на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија да се усогласат во врска со сценаријата за одбележувањето и прославата на националниот празник Илинден 2021 година со Организацискиот одбор за прослава на националниот празник Илинден 2021 година, со што ќе се овозможи целокупен преглед на чествувањето на државниот празник.

Сценаријата да имаат детален приказ на активностите по повод одбележувањето и прославата на националниот празник Илинден 2021 година.

11) Организацискиот одбор по усогласувањето со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и Кабинетот на Собранието на Република Северна Македонија да достави целосно сценарио кое ги опфаќа сите прослави на Илинден 2021 година, организациски план како и лого и брендинг за празникот.

12) Се укажува на Јавното претпријатие Национална радио-телевизија, на 2 август 2021 година да врши директен пренос од одбележувањето на националниот празник Илинден 2021 година од трите локации (според деталното сценарио со саатници кое ќе го достави Организацискиот одбор).

13) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди присуство на доволен број на гардисти на локациите каде што ќе се одбележува националниот празник Илинден 2021 година, согласно барањата на кабинетите, како и опрема за свечено положување на цвеќе, шатори и воен оркестар, фанфаристи соодветно на барањата кои по писмен пат ќе ги добијат од Организацискиот одбор.

14) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали и техничка опрема за одбележувањето на националниот празник Илинден 2021 година, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

15) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на контејнери за отпад и мобилни тоалети во Крушево, Пелинце и Скопје.

16) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз на делегациите врз основа на спецификација обезбедена од Организацискиот одбор.

17) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди столици, маси и чадори/тенди за заштита од сонце за сите прослави согласно барањата.

18) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди венци, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со јаже), цветен аранжман, црвена патека и држачи за знамиња и знамиња за потребите на сите владини делегации за прославата на националниот празник Илинден 2021 година (според насоките на протоколот на Владата кои ќе достават точни спецификации за нивното распоредување).

19) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз за тимовите кои ќе работат на организацијата на настаните.

20) Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О.-Скопје, да изврши расчистување и санација на делницата од магистралниот пат до Меморијалниот центар Пелинце и патниот правец Прилеп – Крушево, како и да обезбеди хоризонтална сигнализација.

21) Се задолжува Министерството за здравство, од општините Куманово, Прилеп и Демир Хисар, а во координација со Комисијата за заразни болести, да обезбеди медицински тимови за настаните.

22) Се препорачува на Град Скопје и Општина Куманово да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува националниот празник Илинден 2021 година и да ги уредат просторите околу спомениците и меморијалниот центар каде што ќе се одвиваат прославите.

23) Се препорачува на Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, да обезбедат по едно противпожарно возило за 1 и 2 август во Крушево.

24) Се препорачува на Општина Крушево, Град Скопје и Општина Куманово да обезбедат цистерни за вода.

25) Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми национални шуми п.о.- Скопје, да обезбеди дрвени столпчиња за означување на патеката до Мечкин Камен.

26) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија, да подготви лого по повод прославата и во најкус можен рок за тоа да го информира Организациониот одбор за прослава на националниот празник Илинден 2021 година.

27) Се задолжува Министерството за култура да ги обезбеди средствата и контактите за културно-уметничката програма (испланирана во сценариото од страна на Организацискиот одбор).

28) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги обезбеди средствата, да ги исконтактира и да ги организира водителите на прославата во Скопје.

29) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на националниот празник Илинден 2021 година.

Се задолжува Министерството за внатрешни работи, преку СВР Битола, да го организира сообраќајот и да обезбеди соодветен тек на моторни возила во Крушево на Мечкин Камен, по повод прославата на националниот празник Илинден 2021 година.

30) Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија изработеното лого за националниот празник Илинден 2021 година да го достави до сите национални телевизии, со цел да се емитува на денот на празнувањето на националниот празник Илинден 2021 година.

31) Се задолжува одделението за протокол и преведување при Владата на Република Северна Македонија да испрати покана според протоколарна Пресеанс листа во електронска и печатена форма, не подоцна од две недели пред настанот, да ги прифати потврдите и врз основа на истите да изработи протоколарна листа за Илинден 2021 година – Скопје, вклучително и скица со распоред за седење на гостите.

32) Се препорачува на Општина Прилеп да обезбеди теренски возила за прославата на националниот празник Илинден 2021 година во Крушево.

Владата се информираше со Информацијата за постапување по задолжение од 72-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2021 година (заклучок бр.40-17/72), доставена од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**10.** Владата заклучи Тања Чачарова – Илиевска да се разреши од сите функции на кои е назначена од Владата и да се изземе од претставник/член од сите работни групи/тела во кои е предложена од Владата на Република Северна Македонија.

**11.** Владата по Барањето за изменување на Заклучок од точка 51, Прашања и предлози од Извадокот од Нацрт – записникот од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јуни 2021 година, кој се однесува на Барање за изведување на градежни работи поднесено од Месната заедница на с.Волче, Општина Македонски Брод, заклучи истиот да се измени и да гласи:

- Се задолжува Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да помогнат на Општина Македонски Брод со градежна механизација за расчистување на одрони, урнатини, наноси од песок и друг материјал на патот кој минува низ националниот парк „Јасен“, на патот од Коломонт до с.Здуње и с.Тажево, согласно можностите и потребите.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за подготвениот Извештај за спроведување на Планот за Гаранција за млади 2020-2022 со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637), како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии – во насока да се донесат интерни акти (правилници, упатства и сл.) за спроведување на попис, сметководствено работење и за јавни набавки во кои ќе се вградат препораките од ревизијата.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Планот за конверзија на несуштинскиот имот на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Буџетските средства за 2020 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2020–2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево" Битола, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, за периодот јануари - март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, за период од 1 јануари 2021 до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- податоците за WiFi точки, за бели зони и слично, да се објавуваат на веб - страницата на ЈП Национална радиодифузија, согласно Мислењето на Министерство за информатичко општество и администрација;

- во рок од 15 дена ЈП Национална Радиодифузија - Скопје да достави План за репрограмирање на долгот, усогласен со Управата за јавни приходи.

**Точка 71**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на внатрешната ревизија на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со напредокот на имплементација на Националниот план за намалување на емисиите од големите согорувачки инсталации во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2020 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од ангажирање на волонтери заради стекнување на вештини за оспособување за работа и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа кои се буџетски корисници од прва линија и сите органи на државната управа кои се единки корисници од втора линија, во рамките на своите буџетски можности, да обезбедат средства за ангажирање на волонтери.

2. Им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа, во рамките на своите буџетски можности, да обезбедат средства за ангажирање на волонтери.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата со барање за преземање мерки во врска со заштитениот предел „Осоговски Планини“ и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство да ги повлече издадените решенија за подружница ШС „Осогово“ - Кочани за ШСЕ „Осогово“-1, ШСЕ „Цера Пресека“, ШСЕ „Злетовска Река“ , ШСЕ„Осогово-2“.

2. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство да ги повлече издадените решенија за подружница ШС „Голак“ - Делчево за ШСЕ „Каменица“.

3. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да извршат усогласување на законската регулатива во делот на заштитените подрачја и да изнајдат законско решение за решавање на настанатиот проблем.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го разгледа Предлогот на закон за лековите (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за лековите (*) да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереници Иванка Стојаноски, државен секретар во Министерството за здравство и Татјана Васиќ - Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на лиценцирани туристички водичи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средствата на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведен јавен повик за финансиска поддршка на компании – оператори од индустријата за организација на настани, агенции кои организираат настани, и други, со Предлог-одлука и ја усвои

Информацијата со заклучок текстот на Предлог-одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на регистрирани фотографски студија и фитнес центри, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 89

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола, во предложениот текст.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Росоман, со Предог - одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Росоман, во предложениот текст.

## Точка 91

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес, во предложениот текст.

## Точка 92

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово, во предложениот текст.

## Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на регистрирани игротеки и приватни детски одморалишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 94

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“ Кратово, во предложениот текст.

## Точка 95

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, по скратена постапка и условно го утврди, со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, по скратена постапка, со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети - Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 96</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 97</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 98</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Мусалевски, раководител на сектор во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави до Владата потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела.

Исто така, потребно е истовремено со овој закон да бидат донесени и Предлогот на закон за изменување на Законот за задруги и Предлогот на закон за изменување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

**Точка 99**

Владата по Информацијата за проблемите со водоснабдувањето на населените места приклучени кон кракот кон РЕК Осломеј, заклучи:

-Се укажува на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје да престане со производство на електрична енергија во РЕК Осломеј во период од 15 јули 2021 година до 1 септември 2021 година, заради обезбедување на соодветни количини вода за населените места приклучени на кракот кон РЕК Осломеј.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |